756. (кат. Ц,Ц1)



За моторни возила кои превезуваат отровни материи кога се движат на јавен пат, брзината на движење се ограничува на 80% од најголемата дозволена брзина определена според видот на патот, односно брзината која е определена со сообраќаен знак, но не повеќе од:

☐ 60 км/час

☐ 70 км/час

☐ 80 км/час

**5 поени**

757. (кат. Д,Д1)

„Тахограф“ е уред кој обезбедува најмалку запис на:

☐ податоци за местополжбата на возилото за време на движењето

☐ потрошувачката на гориво по изминат километар

☐ брзината на движење на возилото и на работните периоди на возачите

**3 поени**

758. (кат. Д,Д1)

„Товарно возило“ е моторно возило наменето за:

☐ превоз на товар

☐ превоз на лица

☐ превоз исклучиво на опасни материи

**3 поени**

759. (кат. Д,Д1)

“Европски извештај за сообраќајни незгоди“ е образец изготвен од Национално Биро за осигурување на Р.Македонија, кој во случај на сообраќајна незгода со мала материјална штета, го пополнуваат:

☐ претставниците на осигурителните компании

☐ припадниците на сообраќајната полиција

☐ учесниците во сообраќајната незгода

**3 поени**

760. (кат. Д,Д1)

“Најголема дозволена маса“ е масата на:

☐ возилото со полн резервоар гориво

☐ возилото заедно со неговата носивост

☐ товарот што може да се превезува со возилото

**3 поени**

761. (кат. Д,Д1)
Според декларацијата на производителот на возилото, “носивост“ е дозволената маса:

- ☐ со која возилото смее да се оптовари
- ☐ на празно возило со полн резервоар
- ☐ на празно возило со возачот чија просечна тежина изнесува 75 кг

**3 поени**

762. (кат. Д,Д1)
Неисправно товарно моторно возило на пат може да се влече:

- ☐ со помош на јаже
- ☐ со помош на сајла
- ☐ со помош на крута врска (руда)

**3 поени**

763. (кат. Д,Д1)
„Лесна приколка“ е приклучно возило чија најголема дозволена маса:

- ☐ не е поголема од 1.500 кг.
- ☐ не е поголема од 1.000 кг.
- ☐ не е поголема од 750 кг.

**3 поени**

764. (кат. Д,Д1)
Секој возач по добивањето на возачка дозвола од „Д“ категорија, независно од тоа што веќе поседува возачка дозвола од „Ц“ категорија:

- ☐ се смета за возач - почетник во периодот од две години по добивање на истата
- ☐ не се смета за возач - почетник, бидејќи веќе претходно има возачко искуство
- ☐ се смета за возач - почетник во периодот од само една година по стекнувањето со истата

**3 поени**

765. (кат. Д,Д1)
„Европската спогодба“ за меѓународен патен превоз на опасни материи е позната со кратенката:

- ☐ CMR
- ☐ ADR
- ☐ TIR

**3 поени**

766. (кат. Д,Д1)
„Приклучно возило“ е:

- ☐ моторно возило кое влече лесна приколка
- ☐ влечно возило чија најголема вкупна маса не е поголема од 750 кг.
- ☐ возило конструирано да биде влечено од моторно возило

**3 поени**

767. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена вкупна маса на моторните возила и група на возила не смее да биде поголема од:

- ☐ 36 тони
- ☐ 38 тони
- ☐ 40 тони

**3 поени**

768. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена вкупна маса на товарно моторно возило со две оски не смее да биде поголема од:

- ☐ 18 тони
- ☐ 22 тони
- ☐ 24 тони

**3 поени**

769. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена вкупна маса на товарно моторно возило со три оски не смее да биде поголема од:

- ☐ 18 тони
- ☐ 25 тони
- ☐ 28 тони

**3 поени**

770. (кат. Д,Д1)
Најголемото дозволено осно оптоварување кај моторните возила на една непогонска оска изнесува:

- ☐ 8 тони
- ☐ 10 тони
- ☐ 11 тони

**3 поени**

771. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена должина на приколка изнесува:

- ☐ 12 метри
- ☐ 14 метри
- ☐ 16,5 метри

**3 поени**

772. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена вкупна маса на приколка со три оски изнесува:

- ☐ 18 тони
- ☐ 22 тони
- ☐ 24 тони

**3 поени**

773. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена вкупна маса на приколка со две оски изнесува:

- ☐ 12 тони
- ☐ 15 тони
- ☐ 18 тони

**3 поени**

774. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена должина на автобус со приколка, изнесува:

- ☐ 16,75 метри
- ☐ 18,75 метри
- ☐ 19,75 метри

**3 поени**

775. (кат. Д,Д1)
Покрај останатото, задолжителната плочка на возилата потребно е да содржи и податоци за:

- ☐ бројот на вртежите на моторот од возилото
- ☐ сопственикот на возилото, физичко или правно лице
- ☐ најголемите дозволени оптоварувања на оските и најголемата вкупна маса на возилото

**3 поени**

776. (кат. Д,Д1)
Ретардер, односно забавувач за долготрајно забавување на моторните возила мора да имаат моторните возила чија најголема дозволена маса изнесува над:

- ☐ девет тони
- ☐ седум тони
- ☐ пет тони

**3 поени**

777. (кат. Д,Д1)
Товарните возила чија најголема дозволена маса е поголема од 10 тони, во својата опрема мора да имаат:

- ☐ еден апарат од 6 кг. за гасење на пожар
- ☐ еден апарат од 9 кг. за гасење на пожар
- ☐ два апарати од 3 кг. за гасење на пожар
- ☐ два апарати од 6 кг. за гасење на пожар

**3 поени**

778. (кат. Д,Д1)
Товарните возила и автобуси ако влечат приклучно возило во својата опрема мора да имаат:

- ☐ еден сигурносен триаголник
- ☐ еден сигурносен триаголник и табла за запрено возило
- ☐ два сигурносни триаголници
- ☐ табла за запрено возило на пат

**3 поени**

779. (кат. Д,Д1)

Две клинести подлошки во својата задолжителна опрема, мора да имаат моторните и приклучните возила чија најголема дозволена маса преминува:

- ☐ 3 тони
- ☐ 3,5 тони
- ☐ 5 тони
- ☐ ~~7,5 тони~~

**3 поени**

780. (кат. Д,Д1)

Во својата задолжителна опрема товарните возила чија најголема дозволена маса е поголема од 3.500 кг мора да имаат:

- ☐ челично јаже за влечење во должина од 3 до 5 метри
- ☐ еластично јаже за влечење
- ☐ крута врска (лост-руда) за влечење
- ☐ сајла за влечење

**3 поени**

781. (кат. Д,Д1)

Минималната длабочина на шарите на зимските пневматици кај моторните возила чија најголема дозволена маса е поголема од 3.500 кг. изнесува:

- ☐ 4 мм.
- ☐ 6 мм.
- ☐ 8 мм.
- ☐ 10 мм.

**3 поени**

782. (кат. Д,Д1)

Длабочината на шарата на пневматикот кај товарните возила не смее да биде помала од:

- ☐ 2 мм
- ☐ 3 мм.
- ☐ 4 мм.
- ☐ 5 мм.

**3 поени**

783. (кат. Д,Д1)

Товарните возила чија најголема дозволена маса е до 10 тони, во задолжителната опрема мора да поседуваат и:

- ☐ еден апарат од шест килограми за гасење на пожар
- ☐ два апарати од по шест килограми за гасење на пожар
- ☐ еден апарат од девет килограми за гасење на пожар

**3 поени**

784. (кат. Д,Д1)

На пат надвор од населено место, возачот со возилото не смее да се движи со брзина поголема од:

- ☐ 80 км/час
- ☐ 80 % од брзината ограничена за таа категорија на возила
- ☐ брзината определена со сообраќаен знак поставен на патот

**3 поени**

785. (кат. Д,Д1)

Возилата за помош на пат, возилата за одржување на патот и возилата кои придружуваат возила со кои се врши вонреден превоз, мора да имаат вградено најмалку:

- ☐ едно ротирачко светло со сина боја
- ☐ едно ротирачко светло со жолта боја
- ☐ две ротирачки светла од кои едното светло е со сина, а другото светло со црвена боја

**3 поени**

786. (кат. Д,Д1)

При вршење на внатрешен превоз на стока покрај лиценцата, превозникот е должен во возилото да има:

- ☐ ЦЕМТ дозвола
- ☐ ТИР карнет
- ☐ патен налог и товарен лист

**3 поени**

787. (кат. Д,Д1)

Товарот на возилото не смее да ја помине најоддалечената точка на предната страна на возилото повеќе од:

- ☐ 1 метар
- ☐ 1,5 метри
- ☐ 1,6 метри
- ☐ 2 метри

**3 поени**

788. (кат. Д,Д1)

Најиздадената точка на товарот кој се превезува со товарно моторно возило и ја поминува за повеќе од еден метар најоддалечената точка на задната страна на возилото, се означува со:

- ☐ црвена ткаенина
- ☐ светло и рефлектирачка материја во портокалова боја
- ☐ табла со квадратна форма обоена со наизменични коси линии во портокалова и бела боја
- ☐ сигурносен триаголник

**3 поени**

789. (кат. Д,Д1)

Товарот што се превезува во товарно моторно возило, кој под дејство на вибрации или други надворешни влијанија може да се растресува по коловозот:

☐ задолжително треба да се покрие со церада и добро да се прицврсти за страничниот дел на возилото

☐ треба да се превезува со брзина не поголема од 25 км/ч.

☐ треба да се превезува со брзина не поголема од 30 км/ч.

☐ треба при превозот до пет лица да го придржуваат товарот

**3 поени**

790. (кат. Д,Д1)

Ноќе и дење во случај на намалена видливост, најиздадената точка на товарот кој се превезува со товарно моторно возило и ја поминува за повеќе од еден метар најоддалечената точка на задната страна на возилото, се означува со:

☐ светло и рефлектирачка материја во жолта боја

☐ светло и рефлектирачка материја во црвена боја

☐ црвена ткаенина

☐ жолта ткаенина

**3 поени**

791. (кат. Д,Д1)

Товарот што континуирано е потпрен врз товарниот простор, може да ја премине најоддалечената точка на задната страна на возилото, најмногу за:

☐ една половина од својата должина

☐ една третина од својата должина

☐ една четвртина од својата должина

☐ една шестина од својата должина

**3 поени**

792. (кат. Д,Д1)

До навлегување на воздух во хидрауличната инсталација за сопирање на возилото, може да дојде поради:

☐ премногу често користење на сопирачките

☐ искривени дискови на сопирачките

☐ недоволна количина на хидраулична течност во инсталацијата на уредот за кочење

☐ истрошени облошки на кочните пакни

**3 поени**

793. (кат. Д,Д1)

Системот за навигација, ГПС (Глобален позициски систем) служи за:

☐ ориентирање на возачот при управување со возилото

☐ подобрување на радио сигналот во возилото

☐ рационално и ефикасно сопирање на возилото

☐ мерење на бројот на вртежите на моторот од возилото

**3 поени**

794. (кат. Д,Д1)

Вкупната маса на приколката не смее да биде поголема од вкупната маса на влечното возило за повеќе од:

- ☐ 30 %
- ☐ 40 %
- ☐ 50 %
- ☐ 60 %

**3 поени**

795. (кат. Д,Д1)

Со табла за означување на „тешки возила“, треба да бидат означени товарните моторни возила чија најголема дозволена маса е над:

- ☐ 7.500 кг.
- ☐ 9.000 кг.
- ☐ 11.000 кг.
- ☐ 12.000 кг.

**3 поени**

796. (кат. Д,Д1)

Доколку дојде до раздвојување на приклучното возило од влечното возило:

- ☐ ретардерот го превзема сопирањето на приклучното возило
- ☐ системот за кочење на приклучното возило ќе се активира автоматски
- ☐ ќе се активира моторното сопирање на приклучното возило
- ☐ системот за кочење на влечното возило ќе се активира автоматски

**3 поени**

797. (кат. Д,Д1)

Возач кој се стекнал со возачка дозвола од категорија “Ц“ се смета за возач-почетник од таа категорија во периодот од:

- ☐ шест месеци по добивањето на возачката дозвола
- ☐ една година по добивањето на возачката дозвола
- ☐ две години по добивањето на возачката дозвола

**3 поени**

798. (кат. Д,Д1)

Во категоријата ``Ц`` спаѓаат групи возила различни од тие во категорија ``Д``, чија вкупна маса е поголема од:

- ☐ 3.500 кг.
- ☐ 5.000 кг.
- ☐ 7.500 кг.

**3 поени**

799. (кат. Д,Д1)

Во поткатегорија ``Ц1`` спаѓаат моторни возила различни од тие во категорија “Д“, чија вкупна маса е поголема од:

- ☐ 7.500 кг.
- ☐ 3.500 кг. но не повеќе од 7.500 кг.
- ☐ 5.000 кг. но не повеќе од 9.500 кг.

**3 поени**

800. (кат. Д,Д1)

Во категоријата ``Ц+Е``спаѓаат групи возила чие влечно возило спаѓа во категоријата ”Ц”, на кое може да биде придодадено приклучно возило чија вкупна маса е поголема од:

- ☐ 750 кг.
- ☐ 650 кг.
- ☐ 550 кг.

**3 поени**

801. (кат. Д,Д1)

Меѓународна возачка дозвола се издава со рок на важност од:

- ☐ три години
- ☐ две години
- ☐ една година

**3 поени**

802. (кат. Д,Д1)

Во поткатегорија “Ц1+Е“ спаѓаат групи возила чие влечно возило спаѓа во поткатегоријата “Ц1“, а приклучното возило е со маса поголема од 750 кг. со тоа што вкупната маса на групата возила:

- ☐ не надминува 7.500 кг.
- ☐ не надминува 10.000 кг.
- ☐ не надминува 12.000 кг.

**3 поени**

803. (кат. Д,Д1)

Превоз на опасни материи во патниот сообраќај може да врши домашно правно или физичко лице, кое поседува:

- ☐ Одобрение за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај издаден од надлежното министерство
- ☐ Лиценца за вршење на превоз на стока во патниот сообраќај
- ☐ Дозвола за вршење на вонреден превоз во патниот сообраќај

**3 поени**

804. (кат. Д,Д1)

Во патниот сообраќај, опасни материи можат да превезуваат лица кои се оспособени за ракување и превоз на опасни материи и кои навршиле:

- ☐ 19 години возраст
- ☐ 20 години возраст
- ☐ 21 година возраст

**3 поени**

805. (кат. Д,Д1)

Одобрението за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај, го издава:

- ☐ Министерството за здравство
- ☐ Агенцијата за државни патишта во согласност со Министерството за екологија
- ☐ Министерството за транспорт и врски

**3 поени**

806. (кат. Д,Д1)

Дали во возилото со кое што се врши превоз на опасни материи покрај возачот, помошникот на возачот или придружникот, смеат да се наоѓаат и други лица:

- ☐ смеат, до три лица за натовар и истовар на товарот
- ☐ не смеат да се наоѓаат други лица
- ☐ смее, само уште едно лице за натовар и истовар на товарот

**3 поени**

807. (кат. Д,Д1)



Товарните моторни возила (прикажани на сликата) кои се движат на јавен пат надвор од населено место, кој има само по една сообраќајна лента во една насока и ако на тој дел од патот е забрането престигнување:

- ☐ возачите се должни да држат оддалеченост помеѓу возилата од најмалку 50 метри
- ☐ возачите се должни да држат оддалеченост помеѓу возилата од најмалку 100 метри
- ☐ возачите се должни да се движат со возилата на безбедна оддалеченост

**5 поени**

808. (кат. Д,Д1)



Возачот на товарното моторно возило, чија најголема дозволена маса е поголема од 3.500 кг. кога се движи на јавен пат во населено место (како на сликата) на кој постојат најмалку две обележани сообраќајни ленти за движење во иста насока:

- ☐ должен е да се движи по сообраќајната лента покрај десниот раб на коловозот
- ☐ должен е да ја користи сообраќајната лента што се наоѓа покрај левиот раб на коловозот
- ☐ може да се движи по слободен избор во десната или левата сообраќајна лента

**5 поени**

809. (кат. Д,Д1)



Возачот на товарното моторно возило кое се движи по левата сообраќајна лента на пат надвор од населено место (како на сликата):

- ☐ при престигнување должен е своето возило да го држи на потребната оддалеченост од возилото што го престигнува
- ☐ непрописно врши престигнување според хоризонталната сигнализација на патот
- ☐ не смее да започне со престигнување на овој дел од патот

**5 поени**

810. (кат. Д,Д1)



На надворешните делови на моторното возило (прикажано на сликата) можат да се превезуваат само лица:

- ☐ на кратки релации до 500 метри
- ☐ кои работите на нивното работно место ги вршат на таков начин со возилото
- ☐ на сообраќајници со послаб интензитет на сообраќај

**5 поени**

811. (кат. Д,Д1)



Возачот на товарното моторно возило (прикажано на сликата) најиздадената точка на товарот, кој ја поминува за повеќе од еден метар најоддалечената точка на задната страна на возилото:

- ☐ неправилно ја означил, бидејќи требало да употреби сигурносен триаголник
- ☐ неправилно ја означил, бидејќи требало да употреби црвена ткаенина
- ☐ правилно ја означил со табла во квадратна форма, обоена наизменично со коси ленти со рефлектирачка портокалова и бела боја

**5 поени**

812. (кат. Д,Д1)



Возачот на товарното моторно возило на дел од коловозот прикажан како на сликата, е запрен:

- ☐ правилно покрај десниот раб на коловозот
- ☐ прописно бидејки знакот се однесува само за патнички моторни возила
- ☐ непрописно

**5 поени**

813. (кат. Д,Д1)



Најиздадената точка на товарот кој се превезува со товарно моторно возило (како на сликата), доколку ја поминува за повеќе од еден метар најоддалечената точка на задната страна на возилото се означува со табла со димензии:

- ☐ 50x50 см
- ☐ 50x40 см
- ☐ 40x40 см

**5 поени**

814. (кат. Д,Д1)




Возачот на товарното моторно возило, на кого му е даден знак за престигнување од патничкото возило (како на сликата), должен е:

- ☐ да ја намали брзината на движењето на своето возило
- ☐ да го помести своето возило кон десниот раб на коловозот
- ☐ да го запре возилото на погодно место од патот

**5 поени**

815. (кат. Д,Д1)



Кога „група возила“ е запрена на пат, паркирната кочница мора да обезбеди неподвижност на целата група возила, а при тоа групата возила да не е кочена на друг начин (прикажано на сликата), при наклон на патот од:

- ☐ 8%
- ☐ 10%
- ☐ 12%

**5 поени**

816. (кат. Д,Д1)



На јавен пат наменет за сообраќај во двете насоки (како на сликата), возачот на товарното моторно возило:

- ☐ правилно го паркирал своето возило надвор од коловозот
- ☐ правилно го запрел своето возило на паркиралиште покрај левата страна на патот во правецот на движење
- ☐ неправилно преминал од левата страна на патот во правецот на движење за да го паркира своето возило

**5 поени**

817. (кат. Д,Д1)

Вграден тахограф мора да имаат сите моторни возила чија што најголема дозволена маса е поголема од:

- ☐ 3.500 кг
- ☐ 5.000 кг
- ☐ 7.500 кг

**3 поени**

818. (кат. Д,Д1)

“Неделен одмор“ е одмор на возачот, кој е задолжителен во текот на неделата, во траење од:

- ☐ 35 часа непрекинато
- ☐ 45 часа непрекинато
- ☐ 55 часа непрекинато

**3 поени**

819. (кат. Д,Д1)

По изминати четири и пол часа непрекинато возење, возачот е должен да направи прекин во управувањето со возилото од најмалку:

- ☐ 15 минути
- ☐ 30 минути
- ☐ 45 минути

**3 поени**

820. (кат. Д,Д1)
Тахографите кои се вградуваат во возилата, може да бидат:

- ☐ мануелни
- ☐ автоматски
- ☐ аналогни и дигитални

**3 поени**

821. (кат. Д,Д1)
Дигиталните тахографи користат:

- ☐ мемориска картичка
- ☐ тахографски ленти
- ☐ ленти во ролна

**3 поени**

822. (кат. Д,Д1)
Контрола и калибрирање (баждарење) на тахографите се врши најмалку еднаш на:

- ☐ 6 месеци
- ☐ 12 месеци
- ☐ 24 месеци

**3 поени**

823. (кат. Д,Д1)
Возачка мемориска картичка за дигитален тахограф, се издава со важност од:

- ☐ една година
- ☐ три години
- ☐ пет години

**3 поени**

824. (кат. Д,Д1)
По изминати четири и пол часа непрекинато возење, возачот кој управува со автобус должен е да направи прекин во возењето од најмалку 45 минути или повеќе прекини од:

- ☐ најмалку 15 минути, чие вкупно времетраење не смее да изнесува помалку од 45 минути
- ☐ најмалку 10 минути, чие вкупно времетраење не смее да изнесува помалку од 40 минути
- ☐ најмалку 15 минути, чие вкупно времетраење не смее да изнесува помалку од 30 минути

**3 поени**

825. (кат. Д,Д1)
Возач кој управува со автобус, за период од 24 часа со тоа возило не смее да управува подолго од:

- ☐ четири часа непрекинато возење
- ☐ четири и пол часа непрекинато возење
- ☐ пет часа непрекинато возење

**3 поени**

826. (кат. Д,Д1)

Под услов на појдовните станици да има прекин во возењето од најмалку пет минути, возачот на автобус во јавниот градски превоз на патници, може непрекинато да управува со тоа возило најдолго:

- ☐ девет часа
- ☐ осум часа
- ☐ седум часа

**3 поени**

827. (кат. Д,Д1)

Одобрението за групен превоз на патници со товарно моторно возило го издава:

- ☐ станицата за технички преглед на возила
- ☐ Министерството за транспорт и врски
- ☐ Министерството за внатрешни работи

**3 поени**

828. (кат. Д,Д1)

Со товарно моторно возило чија вкупна маса е поголема од 3.500 кг. со кое се врши групен превоз на патници може да управува:

- ☐ возач на кого управувањето со моторното возило му е основно занимање и кој најмалку три години управувал со возило од таа категорија
- ☐ возач кој најмалку две години управувал со возило од категорија “Ц“
- ☐ возач кој најмалку пет години управувал со возило од категорија “Б“

**3 поени**

829. (кат. Д,Д1)

Товарните возила и автобуси во својата задолжителна опрема, треба да имаат:

- ☐ два сигурносни триаголници
- ☐ еден сигурносен триаголник
- ☐ една квадратна табла за запрено возило на пат

**3 поени**

830. (кат. Д,Д1)

Проверка, контрола и калибрирање на тахографите, врши:

- ☐ административно тело при машинскиот факултет
- ☐ правно лице (работилница) овластено од Министерството за транспорт и врски
- ☐ Министерството за внатрешни работи

**3 поени**

831. (кат. Д,Д1)

Најголемата дозволена должина на товарно моторно возило изнесува:

- ☐ 12 метри
- ☐ 10 метри
- ☐ 6 метри

**3 поени**

832. (кат. Д,Д1)
Приклучните возила на задната страна мора да имаат два катадиоптери со облик на рамностран триаголник во:

- ☐ бела боја
- ☐ жолта боја
- ☐ црвена боја

**3 поени**

833. (кат. Д,Д1)
Возилата чија најголема дозволена брзина е ограничена со ограничувач за брзина, во просторот за возачот, треба да се опремени со:

- ☐ посебен уред за давање звучен сигнал при постигнување на најголемата дозволена брзина
- ☐ добро видлива посебна налепница која го известува возачот за определената најголема брзина
- ☐ светлосен сигнал во црвена боја кој се вклучува на инструмент таблата при постигнување на најголемата дозволена брзина

**3 поени**

834. (кат. Д,Д1)
Задолжителен редовен технички преглед на товарно моторно возило се врши на:

- ☐ оптоварено возило до 1500 кг. заедно со возачот и задолжителната опрема на возилото
- ☐ празно возило со возачот и задолжителната опрема на возилото
- ☐ оптоварено возило до три тони, заедно со возачот и задолжителната опрема на возилото

**3 поени**

835. (кат. Д,Д1)
Во посебната опрема што задолжително треба да ја поседуваат возилата кои превезуваат опасни материи, спаѓаат и две батериски рачни ламби кои даваат светлост во:

- ☐ бела боја
- ☐ црвена боја
- ☐ портокалова боја

**3 поени**

836. (кат. Д,Д1)
Возилата што не ги исполнуваат пропишаните услови во однос на димензиите, вкупната маса и осното оптоварување, можат да учествуваат во сообраќајот доколку поседуваат:

- ☐ посебни пневматици за тешки товари и ознака во триаголна форма
- ☐ дозвола за вонреден превоз
- ☐ посебна налепница или таблица за пробно возење

**3 поени**

837. (кат. Д,Д1)
``Намалена видливост`` постои ако поради неповолни временски и атмосферски влијанија, возачот не може јасно да ги воочи другите учесници во сообраќајот на оддалеченост од најмалку:

- ☐ 300 метри на пат надвор од населено место
- ☐ 250 метри на пат надвор од населено место
- ☐ 200 метри на пат надвор од населено место

**3 поени**

838. (кат. Д,Д1)

Возачот не смее да го запре или паркира возилото пред и зад знакот со кој е обележано стојалиште за возила за јавен градски превоз на оддалеченост помала од:

- ☐ 5 метри
- ☐ 10 метри
- ☐ 15 метри

**3 поени**

839. (кат. Д,Д1)

Светлосниот сноп на долгите светла на возилото, мора да го осветлува патот од најмалку:

- ☐ 100 метри пред возилото
- ☐ 80 метри пред возилото
- ☐ 40 метри пред возилото

**3 поени**

840. (кат. Д,Д1)

Две предни и две задни габаритни светла мораат да поседуваат сите моторни и приклучни возила што се изведени со постојана затворена надградба и чија височина преминува:

- ☐ 2,8 метри
- ☐ 3,2 метри
- ☐ 3,8 метри

**3 поени**

841. (кат. Д,Д1)

Стоп-светла не мора да имаат моторните возила кои на рамен пат не можат да постигнат брзина на движење, поголема од:

- ☐ 10 км/ч
- ☐ 20 км/ч
- ☐ 30 км/ч

**3 поени**

842. (кат. Д,Д1)

``Намалена видливост`` постои ако поради неповолни временски и атмосферски влијанија, возачот не може јасно да ги воочи другите учесници во сообраќајот на оддалеченост од најмалку:

- ☐ 200 метри на пат во населено место
- ☐ 150 метри на пат во населено место
- ☐ 100 метри на пат во населено место

**3 поени**

843. (кат. Д,Д1)

Покажувачи на правецот (трепкачи) видливи од бочните страни на возилото, мора да имаат моторните возила што се подолги од:

- ☐ четири метри
- ☐ пет метри
- ☐ шест метри

**3 поени**

844. (кат. Д,Д1)
За време на управување со возило на пат, возачот треба да ги има вклучено:

- ☐ светлата за означување на возилото
- ☐ најмалку соборените светла
- ☐ светлата за магла

**3 поени**

845. (кат. Д,Д1)
Растојанието меѓу влечното и влеченото неисправно моторно возило кога се влече со крута врска, може да изнесува и помалку од:

- ☐ три метри
- ☐ четири метри
- ☐ пет метри

**3 поени**

846. (кат. Д,Д1)
Активирањето на моторниот забавувач (блокажа) кај возилото се врши со:

- ☐ често притискање на педалото од работната кочница
- ☐ употреба на помошната кочница
- ☐ затворање на издувната грана на моторот и исклучување на доводот на гориво во цилиндерот од моторот

**3 поени**

847. (кат. Д,Д1)
Кога на јавен пат надвор од населено место, кој има само по една сообраќајна лента во една насока, се движат едно по друго моторни возила чија најголема дозволена маса е поголема од 3.500 кг, чија должина е поголема од 7 метри, возачите се должни помеѓу возилата:

- ☐ да држат оддалеченост од најмалку 50 метри
- ☐ да држат оддалеченост од најмалку 100 метри
- ☐ да држат оддалеченост од најмалку 200 метри

**3 поени**

848. (кат. Д,Д1)
На товарни моторни возила, во просторот за сместување на товар:

- ☐ не смеат да се превезуваат лица
- ☐ можат да се превезуваат лица само на локални патишта
- ☐ можат да се превезуваат најмногу пет лица кои работат на утовар и истовар на товарот

**3 поени**

849. (кат. Д,Д1)
На товарно моторно возило со автоматски истоварувач:

- ☐ не смеат да се превезуваат лица
- ☐ можат да се превезуваат најмногу пет лица
- ☐ можат да се превезуваат најмногу три лица

**3 поени**

850. (кат. Д,Д1)
Во приклучно возило што го влече моторно возило:

- ☐ не смеат да се превезуваат лица
- ☐ можат да се превезуваат до три лица
- ☐ можат да се превезуваат до пет лица

**3 поени**

851. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена широчина на моторни возила, освен возилата со топлотна изолирана надградба, изнесува:

- ☐ 2,35 метри
- ☐ 2,55 метри
- ☐ 2,75 метри

**3 поени**

852. (кат. Д,Д1)
Задолжителна обврска за носење на зимска опрема во возилото, е во периодот од:

- ☐ 15 декември до 15 март
- ☐ 15 ноември до 15 март
- ☐ 15 ноември до 31 март

**3 поени**

853. (кат. Д,Д1)
На возилата со најголема дозволена маса над 3.500 кг кои постигнуваат брзина над 40 км/час, пневматиците кои се поставени на иста оска треба да бидат:

- ☐ исти само по димензии
- ☐ идентични во однос на типот, градбата, големината, категориите на носивоста и брзината
- ☐ идентични во однос на видот (летни–зимски)

**3 поени**

854. (кат. Д,Д1)
Превисокиот притисок во пневматиците, ја намалува газечката површина на пневматикот со подлогата на патот, а со тоа и коефициентот на триење што доведува до:

- ☐ нивно рамномерно трошење (абење) по газечкиот слој на шарата
- ☐ нивно побрзо трошење (абење) по средината на шарата
- ☐ нивно нерамномерно трошење (абење) по бочните страни на шарата

**3 поени**

855. (кат. Д,Д1)
Во случај на евакуација, елементарна непогода и сл. со товарно моторно возило во просторот наменет за сместување на товар, без придружба на полнолетно лице не смее да се врши групен превоз на деца, помлади од:

- ☐ 10 години
- ☐ 12 години
- ☐ 14 години

**3 поени**

856. (кат. Д,Д1)
Недоволниот притисок во пневматиците на возилото ја проширува газечката површина на пневматикот со подлогата на патот и поради зголемено триење, воедно и загревање на пневматикот, доаѓа до:

☐ нивно трошење (абење) по средината на шарата

☐ нивно рамномерно трошење (абење) по газечкиот слој на шарата

☐ нивно зголемено трошење (абење) по бочните страни на шарата

**3 поени**

857. (кат. Д,Д1)
Серво уредот на управувачот на моторните возила се вградува заради:

☐ намалување на потребната сила на возачот при управување со управувачкото тркало (воланот) на возилото

☐ заштита на уредот за управување од оштетувања

☐ заштита на возачот при евентуален судир со возилото

**3 поени**

858. (кат. Д,Д1)
Слободниот од на управувачкото тркало (воланот) на моторното возило смее да изнесува најмногу:

☐ 20 степени

☐ 30 степени

☐ 40 степени

**3 поени**

859. (кат. Д,Д1)
Во случај кога управувачкото тркало (воланот) се движи отежнато, односно возачот употребува поголема сила при свртување, причина за тоа е:

☐ блокирање на тркалата од предната оска

☐ преголем зазор во сврзните зглобови на управувачот

☐ нефункционирање на серво уредот

**3 поени**

860. (кат. Д,Д1)
При употреба на работната и помошната сопирачка на моторното и приклучното возило, разликата на силата на кочење врз тркалата на иста оска, не смее да биде поголема од:

☐ 20 %

☐ 25 %

☐ 30 %

**3 поени**

861. (кат. Д,Д1)
Што претставува ретардерот?

☐ уред за регулирање на вртежите на тркалото на возилото

☐ уред за дополнително забрзување на возилото

☐ уред за долготрајно забавување на возилото

**3 поени**

862. (кат. Д,Д1)
Системот за сопирање кај моторните возила го сочинуваат:

- ☐ помошната и паркирната кочница
- ☐ работната, помошната и паркирната кочница
- ☐ ретардерот и паркирната кочница

**3 поени**

863. (кат. Д,Д1)
Анти блок системот (АБС) ја регулира силата на кочење на тркалата во зависност од:

- ☐ брзината на движење и товарот на возилото
- ☐ силата што делува врз педалот за кочење
- ☐ моменталниот број на вртежи на тркалото

**3 поени**

864. (кат. Д,Д1)
Помошната кочница кај возилото треба да овозможи:

- ☐ запирање на возилото доколку откаже работната кочница
- ☐ забавување на возилото при моторно сопирање на надолнина
- ☐ поголема ефикасност на работната сопирачка при запирање на возилото

**3 поени**

865. (кат. Д,Д1)
Прегревањето на сопирачките на тркалата на возилото, доведува до:

- ☐ посигурно сопирање на возилото со продорен звук (шкрипење) за време на кочењето
- ☐ продолжување на патот на кочење
- ☐ подобар контакт на пневматиците со подлогата на патот при кочење

**3 поени**

866. (кат. Д,Д1)
Работното кочење на приклучното возило мора да започне:

- ☐ истовремено или пред кочењето на влечното моторно возило
- ☐ една до три секунди после кочењето на влечното возило
- ☐ три до пет секунди после кочењето на влечното возило

**3 поени**

867. (кат. Д,Д1)



Брзината на движење на товарно моторно возило чија најголема дозволена маса е поголема од 7.500 кг. (прикажано на сликата) кога се движи на јавен пат, се ограничува на:

- ☐ 70 км/час
- ☐ 80 км/час
- ☐ 90 км/час

**5 поени**

868. (кат. Д,Д1)



Брзината на движење на товарно моторно возило чија најголема дозволена маса не е поголема од 7.500 кг. (прикажано на сликата) кога се движи на јавен пат, се ограничува на:

- ☐ 90 км/час
- ☐ 80 км/час
- ☐ 70 км/час

**5 поени**

869. (кат. Д,Д1)



Брзината на движење на товарно моторно возило чија најголема дозволена маса е поголема од 7.500 кг. (прикажано на сликата) кога се движи на автопат, се ограничува на:

- ☐ 100 км/час
- ☐ 90 км/час
- ☐ 80 км/час

**5 поени**

870. (кат. Д,Д1)



Брзината на движење на товарно моторно возило чија најголема дозволена маса не е поголема од 7.500 кг. (прикажано на сликата) кога се движи на автопат, се ограничува на:

- ☐ 100 км/час
- ☐ 90 км/час
- ☐ 80 км/час

**5 поени**

871. (кат. Д,Д1)



Возачот на моторно возило со кое се превезуваат опасни материи, кога се движи на автопат како на сликата, не смее да се движи со брзина:

- ☐ поголема од 70 км/час
- ☐ поголема од 80 км/час
- ☐ поголема од 100 км/час

**5 поени**

872. (кат. Д,Д1)




Моторното возило кое е наменето за превоз на опасни материи (како на сликата) мора да биде означено со две таблички кои се поставуваат на предната и задната страна на возилото и се во облик на:

- ☐ рамностран триаголник со рефлектирачка материја во жолта боја
- ☐ правоаголник со рефлектирачка материја во портокалова боја
- ☐ правоаголник со рефлектирачка материја во црвена боја

**5 поени**

873. (кат. Д,Д1)



Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот на товарното моторно возило:

☐ смее да продолжи со движење по патот

☐ не смее да продолжи со движење по патот

☐ може да продолжи со движење по патот, доколку поседува дозвола за вонреден превоз

**5 поени**

874. (кат. Д,Д1)



Поради опасна надолнина на патот, возачот на товарното возило кој се движи побавно од возилата што се движат зад него, (прикажано на сликата):

☐ должен е да запре на погодно место од патот со што ќе овозможи пропуштање на побрзите возила

☐ нема обврска кон колоната на возила што е создадена зад него

☐ должен е да го помести возилото налево на сообраќајната лента и да овозможи пропуштање на побрзите возила

**5 поени**

875. (кат. Д,Д1)



Според ситуацијата прикажана на сликата, возилото што се влече со бесење, е со:

☐ неисправен уред за менување на степенот на пренос на брзината (менувач)

☐ неисправен уред за управување и уред за сопирање

☐ неисправен систем за ладење на моторот

**5 поени**

876. (кат. Д,Д1)



За моторни возила кои превезуваат отровни материи кога се движат на јавен пат, брзината на движење се ограничува на 80% од најголемата дозволена брзина определена според видот на патот, односно брзината која е определена со сообраќаен знак, но не повеќе од:

☐ 80 км/час

☐ 70 км/час

☐ 60 км/час

**5 поени**

877. (кат. Д,Д1)

Автобус е моторно возило наменето за превоз на лица со повеќе од:

☐ девет седишта, вклучуваќи го и седиштето на возачот

☐ шеснаесет седишта

☐ триесет и едно седиште

**3 поени**

878. (кат. Д,Д1)

Во категоријата ``Д+Е`` спаѓаат групи возила чие влечно возило спаѓа во категорија ``Д`` и приклучно возило чија вкупна маса е поголема од:

☐ 750 кг.

☐ 650 кг.

☐ 550 кг.

**3 поени**

879. (кат. Д,Д1)

Во поткатегоријата ``Д1`` спаѓаат моторни возила за превоз на лица кои освен седиштето на возачот имаат повеќе од:

☐ 5 седишта, а не повеќе од 21 седиште

☐ 9 седишта, а не повеќе од 31 седиште

☐ 8 седишта, а не повеќе од 16 седишта

**3 поени**

880. (кат. Д,Д1)

Во поткатегоријата ``Д1+Е`` спаѓаат групи на возила чие влечно возило спаѓа во поткатегоријата ``Д1``, а неговото приклучно возило е со вкупна маса поголема од 750 кг. при што групата на возила:

☐ не надминува 5.000 кг.

☐ не надминува 10.000 кг.

☐ не надминува 12.000 кг.

**3 поени**

881. (кат. Д,Д1)

Право на управување со моторни возила од категорија “Д“ може да стекне возач кој претходно:

- ☐ најмалку три години поседува возачка дозвола од категорија “Б“
- ☐ најмалку една година поседува возачка дозвола од категорија “Ц“
- ☐ најмалку две години поседува возачка дозвола од категорија “Ц“

**3 поени**

882. (кат. Д,Д1)

Возачки испит за возач на моторно возило од категорија “Д“ може да полага лице кое има навршено:

- ☐ 18 години возраст
- ☐ 21 година возраст
- ☐ 23 години возраст

**3 поени**

883. (кат. Д,Д1)

Возачите на кои управувањето со автобус им е основно занимање, пред и за време на возењето:

- ☐ не смеат во организмот да имаат алкохол
- ☐ смеат во организмот да имаат алкохол во концентрација до 0,5 гр/кг
- ☐ смеат во организмот да имаат алкохол во концентрација до 0,3 гр/кг

**3 поени**

884. (кат. Д,Д1)

Возилата со кои се врши јавен превоз на патници подлежат на технички преглед на секои:

- ☐ три месеци
- ☐ шест месеци
- ☐ 12 месеци

**3 поени**

885. (кат. Д,Д1)

На автобусите со вградени повеќе од 25 седишта, од нивната десна страна се поставуваат најмалку:

- ☐ три врати
- ☐ две врати
- ☐ една врата

**3 поени**

886. (кат. Д,Д1)

Со право за управување со група возила од категорија “Д+Е“ може да се стекне возач кој претходно:

- ☐ најмалку една година поседува возачка дозвола од категорија “Д“
- ☐ најмалку една година поседува возачка дозвола од категорија “Ц+Е“
- ☐ најмалку една година поседува возачка дозвола од категорија “Ц“

**3 поени**

887. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена должина на зглобен автобус не смее да изнесува повеќе од:

- ☐ 13,5 метри
- ☐ 16,5 метри
- ☐ 18,75 метри

**3 поени**

888. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена должина на автобус со приколка не смее да изнесува повеќе од:

- ☐ 15 метри
- ☐ 18,75 метри
- ☐ 22 метри

**3 поени**

889. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена висина на возила за јавен градски превоз на патници изнесува:

- ☐ 4,1 метри
- ☐ 4,2 метри
- ☐ 4,3 метри

**3 поени**

890. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена висина на моторните возила изнесува:

- ☐ 3,8 метри
- ☐ 4 метри
- ☐ 4,4 метри

**3 поени**

891. (кат. Д,Д1)
При превоз на лица во автобус:

- ☐ две деца до десетгодишна возраст се сметаат како едно лице
- ☐ две деца до дванаесет годишна возраст се сметаат како едно лице
- ☐ две деца до тринаесет годишна возраст се сметаат како едно лице

**3 поени**

892. (кат. Д,Д1)
Најголемата дозволена ширина кај автобусите изнесува:

- ☐ 2,55 метри
- ☐ 2,65 метри
- ☐ 2,75 метри

**3 поени**

893. (кат. Д,Д1)
Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категорија „Д“, задолжително подлежи на контролен здравствен преглед:

- ☐ на секои две години
- ☐ на секои пет години
- ☐ пред секое продолжување на важноста на возачката дозвола

**3 поени**

894. (кат. Д,Д1)
Ознаките на автобуските и такси стојалишта се обележани со:

- ☐ бела боја
- ☐ жолта боја
- ☐ портокалова боја

**3 поени**

895. (кат. Д,Д1)
Кај автобусите со кои се превезуваат групи деца, сигурносниот појас треба да биде вграден:

- ☐ само на седиштата за возачот и совозачот
- ☐ на сите седишта
- ☐ само на седиштата, пред кои не се наоѓаат други седишта

**3 поени**

896. (кат. Д,Д1)
Автобуските стојалишта, на јавен пат надвор од населено место и на дел од државен пат во населено место, треба да бидат:

- ☐ надвор од коловозот
- ☐ означени со жолта боја по средината на сообраќајната лента во правецот на движењето
- ☐ означени со сообраќаен знак покрај десниот раб на коловозот

**3 поени**

897. (кат. Д,Д1)
Превозник кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници, може да отпочне со работа откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија, кај:

- ☐ подрачната единица на Министерството за транспорт и врски
- ☐ подрачната единица на Министерството за внатрешни работи
- ☐ градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје

**3 поени**

898. (кат. Д,Д1)
Дозволата и возниот ред за вршење општински линиски превоз на патници се издава со рок на важење од:

- ☐ 5 години
- ☐ 4 години
- ☐ 3 години

**3 поени**

899. (кат. Д,Д1)

Автобусите кои сообраќаат во општинскиот линиски превоз на патници мораат да го истакнат бројот на линијата како и почетното и крајното стојалиште на видно место на:

- ☐ предната и задната страна од автобусот
- ☐ двете бочни страни од автобусот
- ☐ предната и бочната десна страна од автобусот

**3 поени**

900. (кат. Д,Д1)

Превозникот може да отпочне со вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници по добивање на дозвола за определена линија, издадена од:

- ☐ Министерството за транспорт и врски
- ☐ Здружението на превозници
- ☐ градоначалникот на општината

**3 поени**

901. (кат. Д,Д1)

За време на влегување и излегување на деца од возилото со кое се врши организиран превоз на деца, возачот е должен:

- ☐ да ги вклучи сите покажувачи на правецот (трепкачи) на возилото
- ☐ да ги вклучи позиционите светла за означување на возилото
- ☐ да ги вклучи долгите светла на возилото

**3 поени**

902. (кат. Д,Д1)

Составен дел на дозволата која се издава по барање на домашниот и странскиот превозник за вршење на меѓународен линиски превоз на патници се:

- ☐ АДР договор со странски превозник и број на возила
- ☐ ЦЕМТ дозвола и ТИР карнети за олеснето движење на стоките
- ☐ заверен возен ред, итинерер, ценовник и план за возење на возачите

**3 поени**

903. (кат. Д,Д1)

Возачот може да го користи дневниот одмор и во возилото, доколку:

- ☐ возилото е опремено со наместено легло (кревет) и ако за тоа време возилото не е во движење
- ☐ возилото е опремено со наместено легло и може за тоа време возилото да е во движење
- ☐ возилото е опремено со клима уред и седиште на спуштање

**3 поени**

904. (кат. Д,Д1)

На јавен пат брзината на движење на автобус кој влече друг неисправен автобус е ограничена на:

- ☐ 50 км/час
- ☐ 40 км/час
- ☐ 30 км/час

**3 поени**

905. (кат. Д,Д1)
За време додека се влече неисправен автобус со крута врска, во истиот:

- ☐ смее да се превезуваат лица
- ☐ не смее да се превезуваат лица
- ☐ смее да се превезуваат лица само до најблискиот сервис

**3 поени**

906. (кат. Д,Д1)
Возачот кој управува со автобус, пред почеток на возењето треба да има непрекинат одмор од:

- ☐ најмалку осум часа
- ☐ најмалку 10 часа
- ☐ најмалку 11 часа

**3 поени**

907. (кат. Д,Д1)
Автобусите за градски, приградски и меѓуградски сообраќај во својата задолжителна опрема треба да имаат:

- ☐ еден противпожарен апарат од 6 кг.
- ☐ два противпожарни апарати од 6 кг.
- ☐ еден противпожарен апарат од 3 кг. и еден противпожарен апарат од 6 кг.

**3 поени**

908. (кат. Д,Д1)
Две кутии за прва помош во својата задолжителна опрема мора да имаат автобусите со повеќе од:

- ☐ 16 седишта
- ☐ 25 седишта
- ☐ 31 седиште

**3 поени**

909. (кат. Д,Д1)
Чекан за кршење на стакло мора да имаат автобусите кои:

- ☐ немаат помошна врата за излез на патници во случај на опасност
- ☐ немаат автоматски уред за отварање на вратите
- ☐ имаат повеќе од 25 места за седење

**3 поени**

910. (кат. Д,Д1)
Обновени пневматици не смеат да се употребуваат кај автобусите:

- ☐ на нивната предна оска
- ☐ на нивната задна оска
- ☐ на резервното тркало од автобусот

**3 поени**

911. (кат. Д,Д1)

Уредот за одвод и испуштање на издувните гасови на автобусите наменети за превоз на патници во населени места, треба да биде изведен:

- ☐ на предната лева страна од возилото
- ☐ на задната десна страна од возилото
- ☐ на највисоката точка од возилото

**3 поени**

912. (кат. Д,Д1)

Возачот кој управува возило на моторен погон со кое се врши јавен превоз на патници, подлежи на здравствен преглед:

- ☐ на секои 2 години
- ☐ на секои 3 години
- ☐ на секои 5 години

**3 поени**

913. (кат. Д,Д1)

Во автобусите со кои се врши јавен превоз или превоз за сопствени потреби, за патниците кои се превезуваат стоејќи:

- ☐ не треба да бидат вградени држачи
- ☐ задолжително треба да бидат вградени држачи
- ☐ не е пропишано

**3 поени**

914. (кат. Д,Д1)

Резервно тркало во својата опрема не мора да имаат:

- ☐ патничките и комби возилата со кои се врши јавен превоз на патници
- ☐ тролејбусите и минибусите
- ☐ автобусите за градски и приградски сообраќај и возилата на комунална услуга

**3 поени**

915. (кат. Д,Д1)

Рекламни табли и натписи кај автобусите може да се поставуваат на:

- ☐ предната страна на автобусот
- ☐ задната страна на автобусот
- ☐ бочните страни на автобусот

**3 поени**

916. (кат. Д,Д1)

Ознаките за димензиите поставени на бочната страна на радијалниот пневматик (295/80 R 22,5) даваат податоци за:

- ☐ широчината и висината (процент од широчината) на пневматикот во милиметри и пречникот на наплатката-бандашот изразен во инчи
- ☐ длабочината на шарите на пневматикот во милиметри и препорачаниот притисок во бари
- ☐ висината на пневматикот во милиметри и пречникот на наплатката во дециметри

**3 поени**

917. (кат. Д,Д1)

Автобусите што вршат организиран превоз на деца, мора да бидат обележани со посебен знак поставен на:

- ☐ предната лева и десната бочна страна на автобусот
- ☐ предната десна и левата бочна страна на автобусот
- ☐ предната десна и задната лева страна на автобусот

**3 поени**

918. (кат. Д,Д1)

Посебниот знак со кој се означува возилото со кое се врши организиран превоз на групи деца, има форма на квадрат со димензии:

- ☐ 300 x 300 mm.
- ☐ 400 x 400 mm.
- ☐ 200 x 200 mm.

**3 поени**

919. (кат. Д,Д1)

Системот за сопирање на автобусите што превезуваат групи деца, мора да биде со вграден:

- ☐ ЕБС систем
- ☐ АБС систем
- ☐ АЕРСК систем

**3 поени**

920. (кат. Д,Д1)

Автобусот предвиден за превоз до 50 лица:

- ☐ треба да има најмалку еден отвор на покривот
- ☐ треба да има најмалку два отвора на покривот
- ☐ не мора да има отвор на покривот, доколку има вградено клима уред

**3 поени**

921. (кат. Д,Д1)

Два отвора на покривот мора да имаат автобусите наменети за превоз на повеќе од:

- ☐ 25 лица
- ☐ 30 лица
- ☐ 50 лица

**3 поени**

922. (кат. Д,Д1)

Во автобус, со кој се врши јавен превоз на патници во градски и приградски сообраќај може да се превезуваат:

- ☐ онолку лица колку што има вградено седишта и места за стоење впишани во сообраќајната дозвола
- ☐ не е пропишано
- ☐ онолку лица колку што ќе процени возачот

**3 поени**

923. (кат. Д,Д1)
Со помош на јаже за влечење:

- ☐ не смее да се влече нисправен автобус
- ☐ смее да се влече нисправен автобус
- ☐ смее да се влече автобус, само во случај на неисправен мотор

**3 поени**

924. (кат. Д,Д1)
Автобуското стојалиште во населено место, кое е обележано со сообраќаен знак и хоризонтална патна сигнализација, е наменето за застанување:

- ☐ само на автобуси за јавен градски превоз
- ☐ на меѓуградски автобуси и такси возила
- ☐ на туристички автобуси и товарни возила

**3 поени**

925. (кат. Д,Д1)
Автобусот со кој се превезуваат групи деца треба да имаат означено:

- ☐ најмалку едно седиште за лица со инвалидитет
- ☐ најмалку две седишта за лица со инвалидитет
- ☐ најмалку три седишта за лица со инвалидитет

**3 поени**

926. (кат. Д,Д1)
Автобусот со кој се превезуваат групи деца, се обележува со посебен знак:

- ☐ само кога се движи во населено место
- ☐ само кога се движи надвор од населено место
- ☐ секаде каде што се движи во сообраќај на пат

**3 поени**

927. (кат. Д,Д1)



Брзината на движење на автобус, кога се движи на јавен пат (како на сликата) се ограничува на:

- ☐ 100 км/час
- ☐ 90 км/час
- ☐ 80 км/час

**5 поени**

928. (кат. Д,Д1)




Брзината на движење на автобус со кој се врши организиран превоз на деца, кога се движи на јавен пат (како на сликата) се ограничува на:

- ☐ 70 км/час
- ☐ 80 км/час
- ☐ 90 км/час

**5 поени**

929. (кат. Д,Д1)



Брзината на движење на автобус, кога се движи на автопат (како на сликата) се ограничува на:

- ☐ 100 км/час
- ☐ ~~90 км/час~~
- ☐ 80 км/час

**5 поени**

930. (кат. Д,Д1)



Брзината на движење на автобус, со кој се врши организиран превоз на деца, кога се движи на автопат (како на сликата) се ограничува на:

- ☐ 80 км/час
- ☐ 90 км/час
- ☐ 100 км/час

**5 поени**

931. (кат. Д,Д1)



Влегувањето и излегувањето на патниците во возило на јавен градски превоз (како на сликата) во линискиот сообраќај, може да се врши:

☐ на автобуски стојалишта и надвор од нив, ако не влијае битно на безбедноста во сообраќајот

☐ на погодни места од патот по барање на патниците

☐ само на автобуски стојалишта или станици

**5 поени**

932. (кат. Д,Д1)




Возачот на возилото за јавен градски превоз на патници пред отпочнување на повторно вклучување во сообраќај (како на сликата), должен е дејствието да го изврши:

☐ на начин со кој нема да ги загрози останатите учесници во сообраќајот и со помош на левиот покажувач на правецот

☐ по сопствена проценка, без обврска да внимава на останатите учесници во сообраќајот, кои треба да го пропуштат

☐ внимателно, без обврска да ја најави својата намера со левиот покажувач на правецот

**5 поени**

933. (кат. Д,Д1)



Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот го паркирал автобусот:

☐ прописно на место каде не се одвива сообраќај на возила

☐ прописно, бидејки во близина нема паркиралиште

☐ непрописно

**5 поени**

934. (кат. Д,Д1)




Возачот на автобус кога се вклучува во сообраќај од двор (како на сликата) доколку видливоста му е намалена, должен е:

☐ на местото каде што се вклучува да постави лице кое ќе помогне автобусот безбедно да излезе на пат

☐ да го обезбеди местото каде што се вклучува со поставување на сигурносни триаголници од левата и десната страна на патот

☐ за цело време да употребува звучен сигнал за предупредување на возилата кои се движат на патот да ги запрат возилата

**5 поени**

935. (кат. Д,Д1)



Возачот кој управува со група возила прикажана на сликата, треба да поседува возачка дозвола од:

☐ поткатегорија „Ц1+Е“

☐ категорија „Д+Е“

☐ категорија „Ц+Е“

**5 поени**

936. (кат. Д,Д1)



На дел од патот на кој разминувањето на возилата е невозможно или е отежнато, задолжително треба да се движи наназад:

☐ товарно моторно возило што се сретнало со автобус

☐ автобус што се сретнал со товарно моторно возило

☐ не е пропишано со закон

**5 поени**